20090180380

ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 54 став 1 точка 7 и 8 и член 56 став 1 точка 4 од Законот за здравственото осигурување ("Сл.весник на РМ", бр. 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008 и 98/2008), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија, на седницата оджана на ден 13.01.2009 година, донесе

ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА РЕФЕРЕНТНИ ЦЕНИ НА УСЛУГИ ВО БОЛНИЧКАТА ЗДРАВСТВЕНА ЗАШТИТА ЗА АМБУЛАНТСКИ СЛУЧАИ

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат референтни цени на услуги во болничката здравствена заштита за акутни случаи кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија.

Член 2

Фондот за здравствено осигурување на Македонија во болничката здравствена заштита плаќа на здравствените установи за следните услуги и по следните цени:

Реден број	ДСГ шифра	Вид на ДСГ услуга	Референтна цена
1	C15B	Сложени процедури на глауком и катаракта амбулантски	12.184
2	C16B	Процедури на леќата амбулантски	11.646
3	D67B	Орални и дентални пореметувања освен ектракции и поправки, амбулантски	4.121
4	G42B	Друга гастроскопија за тешки дигестивни болести, амбулантски	5.017
5	G44C	Друга колоноскопија, амбулантски	5.913
6	G45B	Друга гастроскопија за полесни дигестивни болести, амбулантски	4.838
7	G46C	Комлексна гастроскопија, амбулантска	6.809

8	I68C	Нехируршки 'рбетни пореметувања, амбулантски	5.375
9	J60B	Кожни улцери, амбулантски	3.583
10	J67B	Мали пореметувања на кожата, амбулантски	4.479
11	J68B	Големи пореметувања на кожата, амбулантски	2.508
12	L41Z	Цистоуретероскопија, амбулантски	5.734
13	O66B	Преднатален и друг акушерски прием, амбулантски	2.688
14	R61C	Лимфом и неакутна леукемија, амбулантски	3.763
15	S60Z	ХИВ, амбулантски	5.375
16	U40Z	Лекување на ментално здравје, амбулантски, со ЕЦТ	3.404
17	U60Z	Лекување на ментално здравје, амбулантски, без ЕЦТ	3.225
18	V62B	Злоупотреба на алкохол и зависност, амбулантно	2.508
19	Z60C	Рехабилитација, амбулантски	4.479
20	Z64B	Други фактори кои влијаат на здравствената состојба, амбулантски	3.763

Референтната цена ги опфаќа трошоците за услугата на здравствените работници – тимот кои ја извршуваат услугата (трудот), трошоците за тековно и инвестиционо одржување, општите трошоци на работењето (режиски трошоци), лекови и медицински потрошни материјали и други потребни материјали за извршување на услугата.

Референтните цени од член 2 на оваа одлука се утврдени според Методологијата за утврдување на референтни цени на здравствени услуги во специјалистичко - консултативната и болничката здравствена заштита (Број 02-23012/4 од 14.11.2008 година).

Референтните цени утврдени во член 2 од оваа одлука се максимални цени кои Фондот ќе ги плаќа за соодветните услуги.

Член 3

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен весник на РМ", а ќе се објави по добивањето на согласност од министерот за здравство.

Бр. 02-135/3
13 јануари 2009 година
Скопје

Управен одбор
Заменик на претседателот,
Фисник Ибраими, с.р.